РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА
Бр 03-914/1
01-03-2019 20___год.
СКОПЈЕ

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Бр 03-115/1
1. 03. 9

## за взаемна подршка за спречување на корупцијата и судирот на интереси

Имајќи ги предвид националната и меѓународната правна рамка, особено Конвенцијата на Обединетите нации за борба против корупцијата,

законските надлежности на Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст : ДКСК) и на Академијата за судии и јавни обвинители (во натамошниот текст : АСЈО),

како и потребата од натамошно развивање на меѓусебната соработка со цел натамошно зајакнување на ефективноста во борбата против корупцијата преку размена на знаења, искуства и најдобри практики,

Државната комисија за спречување на корупцијата, претставувана од Билјана Ивановска, претседател на ДКСК и Академијата за судии и јавни обвинители, претставувана од проф. д-р Наташа Габер-Дамјановска, директор на АСЈО, во понатамошниот текст „Потписници" се согласуваат да потпишат Меморандум за соработка за взаемна поддршка за спречување на корупцијата и судирот на интереси (во натамошниот текст: Меморандум за соработка).

### Член 1

Со овој Меморандум за соработка се уредува начинот на соработката, координацијата и водењето заеднички договорени активности меѓу потписниците, со цел поефикасна превенција на корупцијата и судирот на интереси во Република Северна Македонија:

1. Потписниците воспоставуваат соработка со цел размена на искуства, информации и техничка помош и поддршка заради унапредување на нивната работа во рамки на законските надлежности

2. Во рамките на соработката, Потписниците ќе овозможат меѓусебна техничка соработка и размена на искуства директно, или преку други институции и организации доколку е тоа попрактично и поефикасно, а се однесуваат на широк спектар на прашања во врска со превенција на корупцијата и судирот на интереси, промовирање на системот на интегритет и добро управување, што вклучува но не се ограничува на:
   a. Обуки и едукација
   b. Размена на технички и ИТ решенија и проекти

c. Стратегии и политики за зајакнување на превентивните програми
d. Истражувања
e. Активности за јакнење на свеста за корупцијата, судирот на интереси и заштита на укажувачите
f. Развивање на програми и активности со цел успешна реализација на обврските на Потписниците што произлегуваат од меѓународни проекти и договори

3. Потписниците ќе развијат соработка на највисоко ниво, за што по потреба ќе ги користат следните механизми:
   a. Формирање на работни групи за одредени прашања од заемен интерес
   b. Воспоставување на меѓусебни консултации и информирање
   c. Спроведување на истражувања за прашања од заеднички интерес
   d. Спроведување на заеднички обуки и едукации
   e. Размена на информации од значење за поддршка за учество на национални и меѓународни конференции, семинари, форуми, состаноци и проекти

Активностите опфатени со овој Меморандум за соработка ќе бидат спроведени од страна на ДКСК и АСЈО во согласност со нивните законски надлежности, подзаконските акти и во рамките на расположивите средства

Член 2

Секој од потписниците назначува лице за комуникација кое ќе ја следи соработката.

Член 3

Соработката меѓу потписниците иницирана со овој Меморандум за соработка континуирано ќе се анализира заради нејзино унапредување.

Член 4

Меморандумот за соработка влегува во сила со денот на потпишување
Меморандумот за соработка е потпишан во четири оригинални примероци, од кои два на македонски и два на албански јазик

Потпишан 01 март 2019 година, во Скопје

| | |
|---|---|
| **ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА** | **АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ** |
| **Претседател,** | **Директор** |
| **Билјана Ивановска** | **Проф. д-р Наташа Габер Дамјановска** |